**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 31 став 2 точка 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија„ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16 и 67/17), Државната изборна комисија на седницата одржана на 21.07.2017 година, донесе

# УПАТСТВО
## за утврдување на личниот идентитет на гласачот

Член 1

1) Избирачите, пристапуваат да гласаат еден по еден.

2) Кога избирачот пристапува да гласа, Избирачкиот одбор проверува:

- дали избирачот е на соодветното гласачко место,
- дали има небришлив белег на нокотот и палецот на десната рака и
- го проверува неговиот личен идентитет.

Член 2

1) Личниот идентитет избирачот го докажува со приложување на важечка лична карта или патна исправа.

2) При утврдувањето на идентитетот на гласачот, Избирачкиот одбор прво проверува дали податоците од приложениот документ за лична идентификација се совпаѓаат со податоците во отпечатениот извод или посебниот извод од Избирачкиот список.

Член 3

1) Отпечатените изводи од Избирачкиот список и посебните изводи од Избирачкиот список, се водат по азбучен ред на презимето на граѓанинот и ги содржат следниве рубрики, односно податоци: реден број, презиме, име, пол, датум на раѓање, лична фотографија (во формат како на лична карта или патна исправа од последно издаден важечки личен документ), адреса на живеење (населено место, улица, куќен број, влез и стан), место за потпис или отпечаток на избирачот.

Член 4

1) Избирачкиот одбор, по проверката на податоците за избирачот, преминува кон задолжителна споредба на избирачот со фотографијата од приложениот документ за лична идентификација и со фотографијата на избирачот во отпечатениот извод или посебниот извод од Избирачкиот список.

Член 5

1) Избирачкиот одбор му издава гласачко ливче на гласачот откако:

- гласачот ќе приложи документ за лична идентификација, во кој лицето од фотографијата е исто со лицето од фотографијата во отпечатениот извод или посебниот извод од Избирачкиот список,
- податоците од приложениот документ се совпаѓаат со податоците во отпечатениот извод или посебниот извод од Избирачкиот список,

2) Избирачкиот одбор е должен да утврди дека се исполнети условите од сите алинеи од претходниот став, за секој избирач поединечно, по што гласачот продолжува со постапката на гласањето

Член 6

1) Избирачкиот одбор не му дозволува на гласачот да продолжи со постапката за гласање, доколку:

- податоците од приложениот документ не се совпаѓаат со податоците во отпечатениот извод или посебниот извод од Избирачкиот список;
- приложил документ за идентификација од друго лице или
- приложил документ за лична идентификација, во кој лицето од фотографијата не е исто со лицето од фотографијата во отпечатениот извод или посебниот извод од Избирачкиот список.

2) Во сите наведени случаи избирачкиот одбор е должен настанот да го запише во дневникот за евиденција на настани и да ја извести општинската изборна комисија.

**Број 08-1426/1**
**25.07. 2017 година**
**СКОПЈЕ**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Чичаковски**

*Изработил: Правна служба*

*Одобрил: Добре Јанчев*